

**Палчо и се‘ е можно. Предавник може да Ви биде само роднина, пријател, соборец, „истомисленик“.**

Во манастирската црква св. Јован Крстител, епископот Партениј, игумен на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“ и монасите во овој манастир ги благословија комитите и им посакаа среќен пат.

Во овој манастир, пред 118 години, монасите ги проектирале и изработиле две црешови топчиња и оружје кои биле однесени во Крушево, а востаниците преку нив го огласиле почетокот на Илинденското востание и се бореле против османлиите.

Монасите секогаш биле поттикнвуачи на слободарскиот и националнииот дух. Според отец Партениј од историските настани треба да повлечеме поука, историјата треба да се учи за да не ни се повторуваат многу немили настани. При тоа, треба да ја чуваме слогата и да не ја забораваме љубовта кон татковината, како што ја имале нашите претци, бидејќи татковинта е нешто свето, благородно и возвишено.

Абе Палчо, се ти смета, роден си само да правиш сплетки, да кодошиш, да омаловажуваш личности. Палчо, сокријсе во некоја дупка и седи мирен, многу семејства ги унесреќи со станбената афера „Тивани“,... Во оваа прилика одлучивме и не сакаме да ги набројуваме твоите нечесни игри, криминали, лигавења...

Засрами се Љупчо Палевски – Палчо, за вулгарните, непристојни измислици и клевети што ги напиша на твојот фејзбух профил за епископот Партениј, игумен на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“ и за твојот некогашен пријател Александар Пандов, овогодишен војвода на коњаницата ***„Бигорски Манастир – Патот на Црешовото Топче“*** .

Засрами се Љупчо Палевски – Палчо за ширењето магла на социјалните мрежи, да се засрамат и сите оние кои ги подржуваат твоите измислици, без ниту еден факт бидејќи нема, без тронка совест да навредувате и клеветите.

Се прашуваме Кој ти дал право да вршиш раздор на македонското црковното ткиво, во пресрет на големиот македонски национален празник – Илинден, кој го очекуваме и празнуваме со голема радост и пиетитет.

Засрамисе Палчо и имај барем малку човечко достоинство, немој да измислуваш лаги и да ја замајуваш македонската јавност.

Здружението на граѓани ***„Коњаница Бигорски Манастир – Патот на Црешовото Топче“*** заеднички со игуменот Партениј и со монашкото братство дванаесет години, мошне успешно ја организира коњаницата на нивниот марш долг над 200 километри низ планинските беспаќа до славното илинденско Крушево.

И годинава епископот Партениј, во преполнетата манстирска црква, ги благослови коњаниците и им посака здрави и живи да пристигнат на прославата во Крушево и да се вратат здрави и живи во домовите.

Оваа коњаница се одржува и во чест на бигорските монаси кои во 1903 година, пред Илинденското востание изработија неколку црешови топчиња, со кои го огласиле почетокот на Илинденското востание.

http://www.mn.mk/aktuelno/2337-Monasite-od-Bigorski-pravele-ilindenski-topcinja




***Бигорски Манастир – Патот на Црешовото Топче***
***Предраг Миевски, Претседател на Здружението на граѓани „Коњаница***